РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3762/1 | | |

Архивски знак 0785
Рок на чување трајно
15.10.2010 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 31 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08, 33/10 и 116/10), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *теорија на музиката* за тригодишното основно музичко и балетско образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ТРИГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

# 1. ВОВЕД

Наставниот предмет теорија на музиката е застапен во сите години на тригодишното основно музичко образование. Со оглед на ваквата позиција на предметот целта на теорија на музиката во тригодишно основно музичко образование е да се овозможи стекнување на базични знаења од различните дисциплини од музичката теорија: теорија во потесна смисла на зборот, хармонија, полифонија, музички форми, запознавање со музички инструменти. За притоа да се овозможи комплексен музички развој на учениците, во програмата се вклучени содржини кои ги воведуваат учениците во музичката култура и уметност. Со тоа, наставата по теорија на музиката треба да придонесе за поттикнување желба активно да се занимаваат со музиката и да биде во тесна корелација со предметот солфеж и со наставата по инструмент. Содржините во оваа завршна година на тригодишното основно образование го заокружуваат неопходниот обем на знаења, а наставните теми на предметот - метроритам, скали, модуси, темпо и динамика, музичка уметност - се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Содржините и поимите кои се посочени во програмата задолжително треба да бидат слушно доживеани и анализирани. Затоа, освен активностите на предметот солфеж, и наставата по теорија на музиката треба да вклучува активности базирани врз слушање на музички примери и целосни музички дела. Од друга страна, посочените содржини и поими треба да бидат препознаени во нотниот текст. Затоа во наставата по теорија на музиката во III одделение, како и во претходните одделенија, треба да има активности кои вклучуваат визуелна анализа на нотниот текст (поедноставни примери и партитури). Наставата се изведува во групи по 9 - 15 ученици. На крајот од учебната година секој ученик полага годишен испит пред комисија.

- Фонд на часови: 1 час неделно, 36 часа годишно.
- **Статус на предметот: задолжителен.**

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да пројавува интерес и љубов кон класичната музика;
- да пројавува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да пројавува способност за активно, внимателно слушање на музиката и нејзините изразни средства;
- да ги усвои неопходните музичко-теориски поими;
- да пројавува практични умеења за примена на усвоените знаења;
- да ги препознава визуелно и да ги запишува нотите во виолинскиот, бас, алт и тенор клуч;
- да ги именува тоновите со солмизација и абецеда;
- да ги препознава, именува и гради скали до седум предзнаци;
- да ги препознава, именува и гради староцрковни скали (модуси);
- да ги препознава, именува скалични квинтакорди;
- да ја осознае модулацијата;
- да ги препознава тактовите (едноставни , сложени, рамноделни и нерамноделни) и тактовите времиња;
- да знае да ги групира нотите во соодветните тактови;
- да ги препознава и применува неправилни тонски групи;
- да ги разбира и применува стручните термини за темпо, динамика, артикулација и агогика;
- да ги разликува и именува музичките инструменти и пејачките гласови;
- да применува сознанија за основните елементи на музичката форма;
- да стекнува сознанија за музичките жанрови;
- да стекнува сознанија за музичките професии (композитор, изведувач - инструменталист, пејач, диригент);
- да стекнува способност за визуелна анализа на наједноставен нотен текст;
- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развива креативноста;
- да применува ИКТ.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА | | | |
|---|---|---|---|
| Тема: МЕТРОРИТАМ (16 часа) | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги усвои наведените нотни вредности и паузи; | Нотни вредности и паузи | Ноти и паузи:<br>- осмина со точка<br>- шеснаестина со точка<br>- триесетвторина<br>- шеесетчетвртина | - Вежби: бележење на секое силно време<br><br>- Анализа на сите тактови и промена на такт во едноставни нотни примери (на пример, препознавање на такт - наставникот да ги подготви примерите со покриен или избришан такт). |
| - да сфаќа, разликува и запишува едноставни и сложени тактови; | - Рамноделни и нерамноделни тактови<br><br>- Сложени рамноделни тактови 4/4 (повторување од II одд.), 6/4, 6/8, 9/8, 12/8, 4/2 | - Рамноделни тактови<br><br>- Сложени рамноделни тактови | - Вежби со групирање во различни тактови. |
| - да сфаќа, разликува и запишува рамноделни и нерамноделни тактови; | Тактови со м.е. шеснаестина: 3/16, 6/16, 9/16, 12/16 (по аналогија со м.е. осмина)<br><br>- Нерамноделни тактови | - Нерамноделни тактови<br><br>- Дводел<br>- Тродел | - Воочување на рамноделни (едноставни и сложени) тактови во нотни примери.<br><br>- Воочување на поделбата на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | со разли;ни мерни единици: 5/4, 7/4, 5/8, 7/8, 9/8, 5/16, 7/16 | | сложените тактови. |
| - да осознава и применува синкопа на еден удар и на два удара; | - Синкопа во тактови со сите мерни единици | - Синкопа на еден удар<br>- Синкопа на два удара | - Воочување на нерамноделни тактови во нотни примери.<br><br>- Да се подели тактот на<br>дводел и тродел. |
| - да осознава и разликува<br>преттакт и замав; | -Преттакт, замав | -Преттакт, замав | Вежба: наставникот ја тактира секоја теза, а учениците ги пулсираат сите тактови делови. |
| - да осознава и применува неправилни тонски групи. | - Неправилни тонски групи | - Неправилни тонски групи-дуола, триола, квартола,квинтола секстола, септола, октола | - Откривање и забележување на синкопи во одредени примери.<br><br>- Споредба на преттакт и замав во одредени примери.<br><br>- Со една нота да се напише збир од неправилни тонски групи. |

| Наставен предмет: ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема: СКАЛИ И ИНТЕРВАЛИ (10 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| -да ги применува поимите сврзани со скала; | - Скали по квинтен круг до 7 предзнаци нагоре (дурски и молски) | - Сите поими сврзани со скала | - Бележење на скалите со сите нејзините елементи. |
| - да ги осознава и применува скалите до 7 предзнаци; | - Скали по квинтен круг до 7 предзнаци надолу (дурски и молски) | - Дурски скали со 7 предзнаци; | - Вежби: градење на скалите по квинтен круг нагоре. |
| - да го сфати проширувањето на квинтниот круг; | | - Молски скали (природен, хармонски и мелодиски вид) со 7 предзнаци;<br><br>- Паралелни скали со 7 предзнаци | - Вежби: поврзување на дур со паралелен мол (квиз). |
| - да ги осознае, препознава и применува староцрковните скали – модуси; | -Староцрковни скали (модуси - автентични) | | - Градење на молска скала (сите видови) со промените на стапалата, полустепените и целите степени во хармонски и мелодиски мол. |
| - да ги осознае, препознава и применува скаличните квинтакорди; | -Акорд<br><br>- Квинтакорди и поделба на квинтакордите | - Поделба на квинтакордите дурски, молски, намален и зголемен | - Градење на квинтакордите (дурски, молски, намален и зголемен) од зададен тон. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го осознае, препознава и применува превруваењето на квинтакордите;<br><br>- да осознае модулација во тоналитетите до 1 предзнак;<br><br>- да развива способност за брзо транспонирање на кратки примери. | -Скалични квинтакорди<br><br>- Превртување на квинтакордите<br><br>-Модулација (информативно)<br><br>Транспонирање (усно и писмено) | - скалични квинтакорди<br><br>- Превртување на квинтакордите<br><br>-Модулација како поим за промена на тоналниот центар<br><br>-Транспонирање | - Градење на квинтакордите од стапалата на скалите.<br><br>- Вежби со превртување на квинтакордите усно и писмено.<br><br>-Воочување на модулација на слух и визуелно во нотни примери.<br><br>- Транспонирање на кратки примери во скалите оддалечени за 4 до 7 предзнака и во паралелни скали (препорака: примерите да се користат за солфежирање на часот по солфеж). |

| Наставен предмет: ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА | | | |
|---|---|---|---|
| Тема: ДИНАМИКА, ТЕМПО, АРТИКУЛАЦИЈА, АГОГИКА (4 часа) | | | |
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги усвои и применува оригиналните термини за динамика и да ги запишува со кратенки;<br><br>- да ги усвои и применува оригиналните термини за разни видови на темпо;<br><br>-да ги разбира и применува оригиналните термини артикулација и агогика. | - сите најупотребливи ознаки за динамика<br><br>- сите најупотребливи ознаки за темпо<br><br>- ознаки за артикулација и агогика (акценти и др.) | - Сите најупотребливи поими за динамика<br><br>- Сите најупотребливи поими за темпо<br><br>- сите најупотребливи поими за артикулација и агогика | - Вежби: бележење на кратенките за динамичките нијанси, темпото, артикулацијата, агогиката.<br><br>- Творење: учениците сами да ги определат и запишат ознаките за темпо, динамика, артикулација и агогика во одреден пример.<br>- Визуелна анализа: препознавање на знаците, термините, кратенките за динамика, темпо, артикулација, агогика во едноставни нотни примери.<br>- Слушна анализа со препознавање на видовите на динамиката, темпо, артикулација, агогика (во изведба на наставникот и снимки). |

| Наставен предмет: ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА | | | |
|---|---|---|---|
| Тема: МУЗИЧКА УМЕТНОСТ (6 часа) | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги препознава и именува инструментите според групи;<br><br>- да ги разликува и именува пејачките гласови;<br><br>- да ги воочува елементите на музичките форми;<br><br>- да стекне сознанија за одредени музички форми; | - Поделба во групите на инструментите;<br><br>- Стручни називи на пејачките гласови<br><br>- Елементи на музички форми (повторување од 1 и 2 год.)<br><br>2-делна и 3-делна форма, варијации, рондо, сонатна форма (информативно) | - Жичани (гудачки, трзачки)<br>- Дувачки (метални, дрвени)<br>- Ударни (со определена и неопределена висина)<br>- Клавијатурни<br><br>-Машки (бас, баритон, тенор)<br>-Женски (алт, мецо сопран, сопран)<br>-Детски (алт, дискант)<br><br>- мотив, двотакт-фраза, реченица, период (повторување.)<br><br>- вокална музика (соло песна, хорска минијатура)<br><br>- инструментална музика | - Препознавање на инструменти и пејачки гласови (преку слушање на музика, посета на концерти, оперски и балетски претстави).<br><br>- Запознавање со биографија и творештво на истакнати вокални и инструментални солисти и изведувачки ансамбли.<br><br>- Творење: дополнување или креирање музичка реченица и период (со помош на наставникот) и задолжително свирење или солфежирање за да се доживее слушно креацијата.<br><br>- Запознавање со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да стекне сознанија за одредени музички жанрови;<br><br>- да пројавува интерес за концерти, оперски и балетски претстави;<br><br>- да покажува интерес кон собирање разни информации од Интернет, поврзани со музиката. | Полифони форми: фуга, пасакаља (информативно)<br><br>- Музичко творештво<br>- Музички жанрови | (инструментална минијатура: етида, циклична композиција: соната, концерт, став...)<br><br>- вокално-инструментална музика (ораториум, кантата)<br><br>- музичко-сценски дела (опера, балет, оперета, мјузикл...)<br><br>- жанрови на популарна музика (џез, рок, поп и др.)<br><br>-филмска музика | основните карактеристики на одредени музички жанрови (информативно).<br><br>- Игри и квизови за усвојување на музичките термини.<br><br>- Компјутери и интернет за изнаоѓање на интересни содржини од животот на композиторите, анегдоти.<br><br>- Анализа: препозна вање на елементите на музички форми (мотив, двотакт, реченица, период, 2-делна, 3-делна форма) со помош на наставникот во едноставни нотни примери. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Наставата по теорија треба да биде во тесна поврзаност со наставата по солфеж
- Предвидените содржини се во непосредна корелација со темите и содржините на предметот солфеж. Наставникот треба да внимава при планирањето на часовите по двата предмета меѓупредметната поврзаност да им биде јасна на учениците. Во случај ако овие предмети ги предаваат различни наставници тие мора најтесно да соработуваат и да ги координираат содржините и активностите на двата предмета.
- Содржините на сите наставни теми се заемно поврзани, затоа процесот на совладување на одредени проблеми посочени во една од темите често пати треба да се одвива преку интеграција со другата тема (на

пример, препознавање на темпо, динамика, агогика во примери од музичкото творештво, инструменти и сл.).

- Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од тип на ,,Детски албуми", музика од други стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, темпото, инструменти, гласови и др.).

- Наставникот треба особено внимание да обрнува на практичната примена на теориските поими преку запишување (вежби за ритмичко групирање, градење скали и интервали, запишување во различни клучеви на една иста мелодија и сл.).

- Особено е важно поимите што се усвојуваат да бидат поткрепени со звучни примери од музичка литература (вклучително и од репертоарот на учениците) со воочување и задолжително коментирање.

- Од не помала важност е создавање кај учениците навика за визуелна анализа на нотниот текст. Затоа таа треба да е присутна во вид на анализа на наједноставен нотен запис (почнувајќи од едногласни фрагменти во различни клучеви), со воочување на ознаки за темпо, динамика, артикулација, агогика, такт и тактови времиња, скала, интервали, нотни вредности итн. Од друга страна може да се применува и анализа на едноставни партитури (на пример, едноставни композиции за пијано) во кои може да се воочи примена на виолински и бас клуч.

- Содржините и поимите модулација и музички форми и жанрови треба да се обработуваат информативно, во најопшти црти, врз конкретни музички примери, без детално навлегување во нивната теориска проблематика. Целта на овие содржини е да се збогати општата музичка култура на учениците.

- Посочените наставни теми (пред сѐ, Музичка уметност) даваат широки можности за креативноста на наставникот, користење на ИКТ и самостојна истражувачка работа на учениците во тимови.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*

Бројот на часовите за наставните теми е даден ориентационо.

➢ **Наставни средства:**
- уебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- дидактички средства и материјали;
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

На крајот од годината секој ученик полага годишен испит во вид на усно одговарање на 2 теориски прашања, а третото е градење на квинтакорди од зададен тон со објаснување на нивната многустраност.

Оценувањето е бројчано (со оценк и од 1 до 5).

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:

А. факултет за музичка уметност - оддел за музичка теорија и педагогија

Б. факултет за музичка уметност - оддели за:

композиција
диригирање
музикологија
етномузикологија

(Приоритет според горенаведениот редослед.).

## 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- да стекне интерес и љубов кон класичната музика;
- да стекне интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да пројави способност за активно, внимателно слушање на музиката и нејзините изразни средства;
- да ги усвои неопходните музичко-теориски поими;
- да стекне практични умееља за примена на усвоените знаења;
- да ги препознава визуелно и да ги запишува нотите во виолинскиот, бас, алт и тенор клуч;
- да ги именува тоновите со солмизација и абецеда;
- да ги разбере и примени скали до седум предзнаци;
- да ги разбере и примени староцрковни скали (модуси);
- да ги разбере и примени скаличните квинтакорди;
- да ја осознае модулацијата во тоналитетите до 1 предзнак;
- да ги разбере и примени тактовите (едноставни , сложени, рамноделни и нерамноделни) и тактовите времиња;
- да знае да ги групира нотите во соодветните тактови;
- да ги осознае неправилните тонски групи;
- да ги разбере и примени стручните термини за темпо, динамика, артикулација и агогика;
- да ги разликува и именува музичките инструменти и пејачките гласови;
- да стекне сознанија за основните елементи на музичката форма;
- да стекне сознанија за музичките жанрови;
- да стекне сознанија за музичките професии (композитор, изведувач - инструменталист, пејач, диригент);
- да стекне способност за визуелна анализа на наједноставен нотен текст;
- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развива креативноста;
- да стекне интерес за примена на ИКТ за музичко-теориските содржини;
- да стекне сознанија за музичката култура и уметност на своето опкружување;
- да стекне сознанија за музичко-теориските карактеристики на народното музичко творештво на својата и другите заедници;
- да се оспсоби за тимско работење.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1121/1 од 01.04.2010 година, координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието – Скопје

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-647/3
15.10. 2010 год.
С К О П Ј Е

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***теорија на музиката*** за III одделение на тригодишното основно музичко образование на предлот на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

На ден 15.10. 2010 година
Скопје

**Министер**

**Никола Тодоров**